# ВЛАДИН КОМИТЕТ ЗА ЕВРОПСКАТА СОЦИЈАЛНА ПОВЕЛБА

**Владиниот Комитет за Европската социјална повелба** претставува дел од механизмот за мониторинг, т.е. следење на усогласеноста на националните законодавства и пракси на земјите-членки со одредбите од Европската социјална повелба кои ги прифатиле со нејзината ратификација. Имено, согласно со Европската социјална повелба (*дел IV, член 21-29*), воспоставен е соодветен механизам и процедура за мониторинг на практичната имплементација и почитувањето на стандардите и обврските од Повелбата од страна на земјите кои ја ратификувале. Овој мониторинг механизам се состои во тоа што секоја земја која ја ратификувала Повелбата има обврска до Советот на Европа, секоја година да доставува Извештај во кој ќе даде преглед за тоа на кој начин ја имплементирала Европската социјална повелба во своето национално законодавство и во праксата.

Овие извештаи кои ги изготвуваат земјите, се разгледуваат и оценуваат од страна на Европскиот комитет за социјални права, кој претставува комитет составен од 15 независни и непристрасни експерти од областа на човековите и социјалните права (воглавно се тоа истакнати експерти од областа и професори на истакнати универзитети). Членовите на Комитетот ги избира Комитетот на министри на Советот на Европа. Европскиот комитет за социјални права ги разгледува поднесените извештаи и донесува (објавува) „заклучоци“ за тоа дали состојбите во конкретната земја се или не се во согласност со конкретните прифатени одредби од Повелбата.

На своите редовни состаноци, кои се одржуваат два пати во текот на годината (мај и октомври), Владиниот комитет ги разгледува поединечните заклучоци во кои е утврдено дека состојбите во одредена земја-членка не се во согласност со прифатената одредба (член/став) од Повелбата и се презема одреден чекор (препорака, предупредување) кон земјата-членка за превземање на соодветни мерки за подобрување на состојбите, односно за доведување на состојбата во земјата во согласност со прифатените стандарди и одредби од Повелбата.

Владиниот Комитет се состои од претставници на земјите-членки на Советот на Европа, кои ја имаат ратификувано Европската социјална повелба, без разлика дали се работи за основниот текст на Повелбата од 1961 година или за ревидираната ЕСП од 1996 година.
Извештај од работата на Владиниот Комитет се доставува до Комитетот на министри на Советот на Европа.

Министерството за труд и социјална политика, како координатор на процесот на известување на Република Македонија за прифатените одредби од ЕСП, секоја година редовно подготвува и доставува извештаи до Советот на Европа, за имплементацијата на ратификуваните одредби (членови и конкретни ставови) од Повелбата, кои се групирани во четири тематски групи.

За повеќе информации, посетете ја интернет страницата на Советот на Европа:
http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/socialcharter/GovernmentalCommittee/GCdefault_en.asp